# *ОПШТИНСКО ОСНОВНО МУЗИЧКО БАЛЕТСКО УЧИЛИШТЕ*
# *ЛАЗО МИЦЕВ-РАЛЕ*

***КАВАДАРЦИ***
***ул. "Браќа Миладинови " бб***
**www.lazomicevrale.com**
**e-mail: lazomicev_rale@yahoo.com**






## С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А
**за учебна 2024 / 2025година и учебна 2025/2026**

## ВОВЕД

Планирањето и програмирањето на работата на Основното општинско музичко и балетско училиште "Лазо Мицев-Рале"- Кавадарци е услов за успешно реализирање на целите и задачите кои со наставните планови и програми и со содржините и организацијата на воспитно-образовната дејност се поставени пред него.
Структурата и содржината на оваа Самоевалуација на училиштето ја изготви тимот врз основа на:

- Член 49, 108 и 109 од Законот за основното образование („Сл. Весник на РСМ“ бр. 161/19);
- Член 129, од Законот за основното образование („Сл. Весник на РСМ“ бр. 161/19);
- Законот за наставници и стручни соработници („Сл. Весник на РСМ“ бр. 161/19);
- Наставните планови и програми за основно образование;
- Концепцијата за основно деветгодишно образование;
- Основите за планирање на содржините и организацијата на воспитно-образовната дејност на основното училиште;
- Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони;

- Под-законски и интерни акти (Статутот на училиштето, етичкиот кодекс, деловниците за работа на органите итн.), правилници (Правилник за работа на комисии, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време итн.)
- Програмата за развој на училиштето 2019-2023 година
- Програмата за работа на училиштето од претходната година и
- Извештаите (Годишен извештај на училиштето за учебната 2021/22 година, Извештајот од интегралната евалвација, Извештајот од самоевалуација 2019/20 година, Развојната програма, и Извештаи за финасиското работење на училиштето и записници)

## 1. Општи податоци за основното училиште

Основно музичко училиште „Лазо Мицев Рале“ е основано со одлука на собранието на Општина Кавадарци 01-7225 од 30.12.1969 година, впишано во основниот судски регистар, регистратор бр.663, срт.653, свеска III, на 21.01.1970,

како 21.01.1970, Основно музичко училиште „Лазо Мицев Рале“, со основна дејност
а) Дополнително музичко образование на деца до 15-год. возраст
б) Обавување на музичка дејност со возрасни

Училиштето започна со работа на 01.02.1970 со инструментален оддел ( предмети виолина и пијано), во 1979 год. со воведување на одделот балет прерасна во ОМБУ (основно музичко балетско училиште).

Денес во училиштето во вокално - инструменталниот оддел се изучуваат:
Задожителни предмети:солфеж, теорија на музика, виолина, пијано, пеење, хармоника, флејта, кларинет, труба, традициски инструменти

Во балетскиот оддел се изучуваат:

Задолжителни предмети: класичен балет, модерен балет, карактерни игри, гимнастика

Со темите, содржините и активностите предвидени со наставната програма учениците имаат можности да ги изразат своите афинитети во областа на музичката уметност и култура, да ги прошират и продлабочат знаењата за областите за кои имаат посебен интерес, како и за активно музицирање (пеење, свирење) преку изразување на сопствените стилски и жанровски претпочитувања.

Предвидено е наставата да се одвива низ проектни активности, со што ќе придонесе за поттикнување на самостојноста и креативноста на учениците, смислата за тимско работење, одговорноста, умеење да се испланира и да се изведе одредена активност од почеток до крај, критичкото мислење и самокритичноста, способноста за оценка(евалвација) на своите постигања и постигањата на другите.

Учениците од најмала возраст се вклучени во проектот паралелка ***Детско музичко катче***.

Со нив работи наставник кој му помага при нивното музичко описменување и запознавање со музичките инструменти и ги подготвува за вклучување во редовните одделенија.

Стекнатите знаења и искуства во музичката уметност може да најдат примена како во образовниот процес, така и во секојдневниот живот на ученикот, овозможувајќи му поквалитетно живеење, исполнување на слободното време, умеење да се пронајде себеси во музичкото и културното опкружување на блиската средина, градот и пошироко.

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООМБУ„Лазо Мицев Рале„ |
| Адреса | Ул. Браќа Миладиновци „ бб Кавадарци |
| Телефон,е-пошта | 043/415-029, lazomicev_rale@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | Март- јуни |
| Бројнаученици во училиштето | 297 |
| Број на подрачниучилишта | 0 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | М-р Златко Јованов |
| Потпис | |
| Датум | 08.07.2024г |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Василка Дрварова |
| Потпис | |
| Датум | 08.07.2024г |

## 1.1.Општи податоци за основното училиште

| | |
|---|---|
| Име на училиштето | ООМБУЦ „Лазо мицев - Рале“ |
| Адреса, општина, место | ул. Браќа Миладиновци бб Кавадарци |
| Телефон | 043/ 415-029 |
| Факс | 043/ 415-029 |
| Веб-страница | www.lazomicevrale.com |
| Е-маил | lazomicev_rale@yahoo.com |
| Основано од | Министерство за образование и наука |
| Верификација- број на актот | 10-1877/3 |
| 24.10.1994 | 24.10.1994 |
| Јазик на кој се изведува наставата | Македонски |
| Година на изградба | 2008 |
| Тип на градба | типичен |
| Внатрешна површина на училиштето (м2) | 1500 $м^2$ |
| Училиштен двор | 245 $м^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | парно греење |
| Училиштето работи во смена | да |
| Број на паралелки | 28 |
| Број на комбинирани паралелки | 4 |
| Јазик/јазици на кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | не |
| Во основното училиште има паралелки за ученици од музичко училиште | не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | не |
| Други податоци карактеристични за училиштето | нема |

*Наставенјазик*

| | Наставен јазик - македонски | Наставенјазик-албански | Наставенјазик-турски | Наставен јазик - српски |
|---|---|---|---|---|
| **Бројна паралелки** | 28 | / | / | / |
| **Бројнаученици** | 297 | / | / | / |
| **Бројна наставници** | 22 | / | / | / |

**Извори и средства за користење на податоци потребни за спроведување на Самоевалуацијата**

Во процесот на спроведување на самоевалуацијата беше користена целокупната евиденција и документација научилиштето, како и податоци од професионалните досиеја на наставниците, како и резултатите од спроведените анкетни прашалници за родителите, учениците и наставниците, согласно индикаторите во секое од подрачјата.

**Тим за спроведување на самоевалуацијата**

Врз основа на чл.129 од Законот за основно образование (Сл.на РСМ161/19)и а во врска со чл.3 од Правилникот за начинот на спроведување на самоевалуацијата во ООМБУ „Лазо Мицев Рале“ Кавадарци, а на предлог на Директорот на училиштето, УО на седницата одржана на 23.02.2024г-донесе одлука за формирање училишна комисија за спроведување на самоевалуацијата во ООМБУ „Лазо Мицев Рале“ Кавадарци Кавадарци.

**КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

| Име и презиме: | Функција во училиштето: |
|---|---|
| **Јасминка Кузманова** | **Педагог** |
| **Даниела П. Мацункова** | **Наставник** |
| **Ангелина Исакова** | **Наставник** |
| **Горан Јанев** | **Наставник** |
| **Благица Коцева Тодорова** | **Родител** |

**Време на спроведување на самоевалуацијата**

Самоевалуацијата е спроведена во периодот од две наставни години(2024/2025г.-2025/2026г.)согласно Законот за основно образование

**Работните групи ги сочинуваат следните наставници**

| 1.Планирање, настава и учење | 2.Постигања на учениците | 3. Училишна клима и односи во училиштето |
|---|---|---|
| С.Ч. Атанасова, БилјанаИ. Грозданова, И.Јанаќиева, В.Ѓорчев, Г. Тодоров | З.Богев, А.Илиев, Г.Јанев, Д.П.Мацункова, П.Арсов А. Ташев | В.Рошков, А.Исакова, Л. Стојковска, В.Мелов, Т.Гогов |
| **4. Управување, раководење и креирање политика** | | |
| Л.Соколов, Л.Атанасов, Б.Митрев, И.Митровски, Р.Костадинова | | |

**Подрачје1:Планирање, настава и учење**

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми: |
| --- | --- | --- |
| 1.1 | **Планирања на наставниците** | • Применување годишни програми и создавање визија за она што го посакуваме;<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>• Избор на наставни програми.<br>• Реализација на програми со системска промена; |
| 1.2 | **Наставен процес** | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала;<br>• Соработка со локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието и определување приоритети за подобрување;<br>• Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми; |
| 1.3 | **Искуства на учениците од учењето** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните вонnаставни активности;<br>• Опфатеност на учениците со вонnаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во |

| | | |
|---|---|---|
| | | вонnаставните активности;<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности; |
| **1.4** | **Оценувањето како дел од наставата** | • Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **1.5** | **Воннаставни активности и натпревари** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Натпревари |

**Самоевалуација на училиштето: ООМБУ ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ Подрачје1:Планирање,настава и учење**

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор1.1Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Подршка и следење на планирањата на наставниците | **Многу добро:** Сите наставници имаат изготвени годишни и тематски планирања и на почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба, која ги проверува и ги доставува до директорот на училиштео. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на стручната служба. Најголем дел од наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени целите на наставата, очекуваните исходи од свирењето, како и наставните методи и форми на работа. Преку непосредно следење на наставата, училиштето има постојан стручен увид во состојбите поврзани со планирањето, со каков квалитет се остварува планирањето и каков вид на инструктивно советодавна помош им е потребна на одделни наставници во врска со планирањето. Дневните подготовки наставниците ги прават секојдневно, а во нив ја разработуваат содржината што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, како и методите и формите на наставна работа. Најголем дел од наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час. Следењето на планирањата на наставниците го врши стручната служба во училиштето и Директорот на училиштето. Забелешките од следењето на истите уредно се води на евидентни листови. |

| | | |
|---|---|---|
| | | За поефикасно планирање на наставата училишето на наставниците им дава стручна, морална и материјална поддршка и тоа:<br>-обезбедува наставни планови и програми кои им се достапни на наставниците во секое време<br>-обезбедува стручна литература, современа компјутерска технологија, надгледни средства<br>-организира едукација на наставниците.<br>Распоредот на наставните часови го прават наставниците се со цел да се овозможи пофлексибилна настава која е направена во корист на учениците. Организацијата и реализацијата на наставата во училиштето се одива согласно со годишната програма за работа на училиштето во која се опфатени условите за работа и организационата поставеност, организацијата на воспитно образовната дејност и друга стручна педагошка работа на училиуштето. Во учебната 2022/2023 година со просек 5,00. ја завршија вкупно 250 ученици од вокално и иструменталните оддели и 19 ученици од одделот по балет. Вкупно 269 ученици ја завршија успешно учебната 2022/2023 година. До крајот на учебната година училиштето престанале да го посетуваат вкупно 7 ученици. Своето музичко образование го дооформија вкупно 36 ученици со одличен успех и примерно поведение, од кои што вкупно 5 понатаму своето музичко образование го продолжуваат во средните музички училишта. Воспитно образовната дејност во нашето училиште ја реализираат вкупно 19 наставници и тоа по предметите: пијано, виолина, хармоника, кларинет, труба, флејта, балет, солфеж и теорија на музика, традициски инструменти, тромбон и пеење. Планирани часеви на крајот од учебната 2022/2023 се вкупно 18321 од кои реализирани се 18135 часови. Додатна настава вкупно реализирни часови 883, дополнителна настава вкупно реализирани |

| | | |
|---|---|---|
| | | часови 646. Работата на учениците во текот на учебната година се следи преку разни форми на јавни часови, концерти, натпревари и сл. Учениците активно се вклучени во активностите предвидени со Планот за акција за спроведување на екостандардите. Работата на самото училиште се одликува преку претставувањето на учениците пред кавадаречката јавност на различни манифестации, изложби, прозни и поетски читања. Стручното усовршување на наставниот кадар и другите стручни работници се остваруваше преку индивидуално стручно усовршување со следење на стручна литература и списанија, интерно стручно усовршување со работа во стручни активи и екстерно стручно усовршување со посета и учество на семинари и обуки, советувања организирани од БРО, МОН и други институции.<br>Педагогот води извештај за реализираните обуки и семинари за наставниците и стручната служба за секоја учебна година. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | **Многу добро:** При изготвување на своите програми наставниците ги користат сознанијата од средбите и размената на искуства од одржаните стручни активи и посети на семинари.<br>Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и друго.<br>Од записниците на стручните активи се констатира дека при нивната работа наставниот кадар разменува искуства и идеи за сите видови на планирања, за планирања за примена на ИКТ во наставата, за ангажирање на експерти кои ке пренесат искуства. При планирањето на работата на стручните активи не е планирана соработка со активи од другите училишта и користење на меѓународни искуства. Наставниците размената на искуства и |

| | | |
|---|---|---|
| | | информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од истородни предмети од други училишта. |
| **Индикатор1.2Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Реализација на наставни планови и програми | **Многу добро** :Воспитно образовната работа во нашето училиште се одвива преку две форми на наставна и вон наставна работа – групна и индивидуална. Наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Користат добро испланирани методи за да работат со учениците индивидуално или група. На овој начин, наставниците мошне успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација.<br>Наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат во училиштето или дома, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата.<br>Во почетокот на училишната година секој наставник е обврзан да достави годишни глобални планирања, тематски планирања, планирања за додатна и дополнителна настава, и распоред за одржување на додатна и дополнителна настава, планирања за одржување на родителски средби. Секој наставник индивидуално изготвува дневни подготовки за секој ученик посебно. |
| | Избор на наставни предмети | **Многу добро** :Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, водичот за слободни изборни предмети во основното образование и |

| | |
|---|---|
| | со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. |
| Избор на задачи,активности и на ресурси | **Многу добро** :Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. Еден од приоритетите за развојот на воспитно – образовната дејност е користењето на ИКТ технологијата. Со оглед на тоа дека музиката е универзален јазик, наставниците имаат широки можности за избор на соодветна литература од бесплатни сајтови за музички партитури.Истовремено со примена на ИКТ учениците имаат можност да следат најразлични музички изведби од свои врсници како и врвни и истакнати музичари од целиот свет. |
| Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | **Многу добро** :Во процесот на поучување  и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, а се со цел да се подобри учењето и  да се  гради доверба  помеѓу наставниците и учениците. Наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците  активно да  земаат учество во наставниот процес (преку пофалби, разговори). Во зависност од наставниот материјал и типот на час  учењето  е помалку или повеќе  активно и динамично.  Наставниците се однесуваат со |

| | |
|---|---|
| | учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите. |
| Реализација на образовна инклузија | **Многу добро** :Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Асистивната технологија со која располага училиштето е во функција на развојот на учениците со ПОП. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето |

| | |
|---|---|
| | обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во вонннаставни активности согласно со нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. |

| Индикатор1.3Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Средина и атмосфера за учење | **Многу добро:** Анкетата со учениците покажува дека поголем дел од нив сметаат дека хигиената е на ниво, но може да биде и на повисоко ниво, особено во тоалетите.<br>Учениците сметаат и дека училиштето има организирани форми на поттикнување и мотивирање и овозможува солидна соработка меѓу самите ученици и меѓу учениците и наставниците. Не постои никаква родова поделеност во училиштето.<br>Нивната активност во училиштето се гледа во учество во проектни активности, организирање еко-трибини, изготвување флаери со еколошки пораки, дебати, трудови со еко-пораки и сл. На овој начин се врши влијание на свеста на учениците за консумирање здрава храна, чување на природата и околината во која се учи и живее.На учениците им се допаѓа средината за учење(истото го потврдуваат и нивните родители),воедно сметаат дека училниците се во уредна состојба каде исто така можат и тие да учествуваат со своите трудови во нивно разубавување.<br>95% од учениците кај кои беше извршено анкетирањето сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен, пристапот на наставниците кон учениците е одличен, другарски и на високо ниво, на сите ученици им се допаѓа тоа што може да свират на некој инструмент и своите знаења јавно да ги покажуваат на настапите, концертите на разни изложби и слично. Родителите се третираат како најважни консултанти во помошта за подобро разбирање на секој ученик како индивидуа. Информациите ги добиваат на општите родителски средби, индивидуалните средби, преку работата на Советот на родители, евидентни листови и свидетелства. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето е секогаш отворено за соработка со родителите. Во училиштето постојат и кодекси за однесување и за наставниците, родителите и самите ученици и истите се истакнати на видни места. Училиштето сеуште е вклучено во проектот „Еко училиште„ за која цел е формиран и Еко-одбор од наставници. Нивната активност во училиштето се однесува на советувања, изготвување флаери со еколошки пораки, истакнување на видно место на трудовите на учениците кои содржат еко-мотиви, изготвување на песнички со еколошки карактер, снимање на емисии со еколошки пораки итн. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | **Многу добро** :Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик. Се превземаат многубројни активности за исполнување на истите и отстранување на пречките. За своите образовни потреби, учениците разговараат со класниот раководител, а наставниците разговараат на Наставнички совет и на Совет на родители.<br>Секој ученик во согласност со своите афинитети избира инструмент на кој ке се надградува и кои што знаења подоцна ќе му бидат потребни за упис во средно училиште. За проблемите во врска со учењето секој ученик може да се обрати и до педагошката служба и да разговора за истите, како и за начинот на нивно решавање. Притоа, се преземаат многубројни активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките.<br>Во текот на учебната 2022/2023 година педагошката евиденција се водеше одговорно од страна на наставниот кадар со мали пропусти кои навреме беа отстранувани, родителите за успехот на учениците на крајот на секое тримесечие се известувани со евидентни листови. На крајот на учебната година секој ученик |

| | | |
|---|---|---|
| | | добива сведетелство за завршено одделение. Сите концертно натпреварувачки активности на учениците редовно се достапни на блогот на училиштето, на веб страницата на училиштето, а за поголемиот дел од активностите направени се аудио записи и презентирани се на средствата за јавно информирање.<br>Основното музичко и балетско образование трае до 9 години. Согласно времетраењето на основното музичко и балетско образование изготвени се и одделни наставни планови. Планот и програмите за наставата, нормативите за просторот, опремата и наставните средства како и формативите за стручната подготовка и профилот на наставниот кадар ги предлага Бирото за развој на образованието.<br>Дел од наставници поминаа неколку обуки за унапредување на образовниот процес и истите користат различни техники на поучување и тие техники се пренесуваат на останатите наставници.Наставниците водат грижа за образовните потреби на учениците преку: дополнителна настава, додатна настава, користење на ИКТ технологијата во наставата, преку темелно објаснување на материјалот, разговор за нивните амбиции, индивидуални разговори за разни теми, за професионална ориентација, разговори за проблеми од лична природа.<br><br>Спроведената анкета за наставници имаше за цел подобрување на училишната клима и односи во училиштето и подобрување на ефективноста во работењето на формалнитеоргани на училиштето. Според добиените одговори од спроведенета анкета може да заклучиме дека наставниците од ООМБУ“Лазо Мицев-Рале“ сметаат дека целосно им даваат повратна информација на учениците за нивната работа и дека само делумно се интегрира ИКТ во |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставата. Најголем дел од наставниците во врска со реализацијата на годишната програма одговориле дека се информираат преку наставнички совет, а за успесите и постигањата на учениците од огласна табла. За работата на УО најголем дел од наставниците одговориле дека информација од УО добиваат од огласна табла. Постои вземна соработка меѓу наставниците и нивната тимска работа е застапена во голема мера. |
| **Индикатор1.4Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Училишна политика за оценување | **Многу добро:** Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Учениците и родителите се запознаени како со стандардите за оценување така и со критериумите на оценување. Во училиштето учениците се оценуваат описно и нумерички во зависност од одделението кое го посетуваат. Поведението на учениците се оценува како примерно, добро и незадоволително. Училиштето има изготвено листа со критериуми за оценување на учениците.Најголем дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. |
| | Методи,форми и инструменти за оценување | **Многу добро** :Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.) Учениците и родителите се запознаени како со стандардите за оценување така и со критериумите на оценување. Во училиштето учениците се оценуваат описно и нумерички во зависност од одделението кое го посетуваат. Поведението на учениците се оценува како примерно, добро и незадоволително. Училиштето има изготвено листа со критериуми за оценување на учениците. Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | **Многу добро** :Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | **Многу добро** :Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите.<br>На овие средби се разговара за успехот и поведението на |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивни црти на личноста. На овие манифестации до израз доаѓаат постигањата, талентите и афинитетите на учениците.<br>Училиштето има и веб-портал и фб страна на која се објавуваат значајни настани, манифестации и случувања во училиштето, а во кои директни учесници се учениците. Родителите добиваат пишани извештаи и евидентни листови на крајот од секое тромесечие со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето, а на крајот од учебната година свидетелство.Наставниците во текот на учебната година одржуваат родителски средби и класни концерти на кои родителите се известуваат за успехот на своите деца и за напредокот. Вонредни родителски средби се одржуваат кога за тоа ќе се јави посебна потреба.<br>Индивидуалните средби се одржуваат по иницијатива на наставникот, педагогот, директорот, или по иницијатива на самиот родител.<br><br>Секој наставник има определен термин за консултативни поединечни средби со родителите и тоа најмалку еден час седмично. |
| **Индикатор1.5Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни | **Многу добро:** Училиштето планира и речиси во целост ги реализира воннаставни активности кој се одраз на интересите и потребите на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | активности | При реализацијата на вonнаставните активности училиштето соработува со локалната средина, За сите воннаставни активности постои процедура за следење на реализацијата на слободните активности на учениците според која се изготвува распоред, програма и планирање, список на ученици, активности за подготовка за натпревари, евиденција за учество и евиденција на постигнатите резултати. Преку реализацијата на овие активности се придонесува учениците да стекнуваат знаења, уметнички способности и исполнување на своето досие.<br><br>Придобивките од воннаставните активности се многубројни: соработка, другарување, лична надоградба и усовршување во одредена област, зголемување на самодовербата и натпреварувачкиот дух на учениците, стекнување на дипломи и благодарници за вложен труд и постигнати резултати.<br><br>За постигнатите резултати учениците и училиштето се афирмираат и преку веб порталот на училиштето, на локалните медиуми, изложби, карневали итн. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | **Многу добро** Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор или избор на наставникот, со што опфатени се учениците од двата пола. Додека пак кај нас нема појава од втор јазик во училиштето и учениците. Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставнна активност во зависност од нивните желби и можности не исклучувајки ги и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус или од различен етникум.<br>Преку воннаставните активности учениците ги реализираат своите желби, интереси и способности кои се надвор од наставата и ги |

| | |
|---|---|
| | дополнуваат своите знаења. Овие активности даваат можност учениците да се истакнат во некоја област, секој ученик активно да се вклучи во креирањето на програмата со избор на содржини и активности кои ќе бидат во согласност со нивните желби и афинитети. Со тоа се зголемува нивното искуство, мотивација, заинтересираност, чувство на самодоверба и исполнетост и се подобрува нивната лична благосостојба и нивна социјализација. |

| | | |
|---|---|---|
| | Вклученост научениците во изборот и во планирањето на работата во вонnаставните активности | **Многу добро** Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во вонnаставнна активност во зависност од нивните желби и можности.<br>Учениците се вклучуваат во вонnаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при планирањето и изготвувањето на вонnаставните активности (концерти, јавни настапи, училишни натпревари,смотри итн.) а, наставниците ја имаат советодавната координативна улога. Учениците се вклучени во вонnаставните активности како што се: натпревари, фестивали, концерти, јавни настапи, смотри, училишни приредби, класни концерти, отворање на изложби итн. |
| | Натпревари | **Многу добро**: Учениците се секогаш стимулирани и подржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации, и со подршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, државно и меѓународно ниво.<br>Наградените ученици на натпреварите добиваат дипломи, пригодни награди и пофалници.<br>• На наставнички совет се читаат и јавно се пофалуваат учениците што добиле признанија и дипломи и сите нивни успеси и награди се евидентираат како активност на ученикот во тековната учебна година.<br>29-30 .03.2023 Меѓународен натпревар Камерна Музика Кавадарци 2023<br>-Класа кларинет наст.Лазар Соколов:Тео Камчев и Таркан Мустафов – прва награда.<br>-Класа традициски инструменти кај наст.Горан Јанев: Ангел |

| | |
|---|---|
| | Димитров и Ќире Аџиев – прва награда, Благој Стојанов,Ангел Димитров, Марио Димков и Петар Јанакиев- прва награда.<br>- Класа пијано наст Горан Тодоров: Благој Тодоров(класа наст. Ивана Јанаќиева) и Марија Бојкова – прва награда.<br>- Класа пијано наст. Ивана Јанаќиева: Теодора Николова и Соња Ангелкова- прва награда, Верица Тодорова и Сања Серафимова – прва награда.<br>- Класа кларинет кај наст.Александар Ангелов:Идавер Мемедов – прва награда.<br>- Класа пијано кај наст.Александар Ташев :Давид Колев и Ангел Димитров(класа наст.Радица Костадинова) –прва награда.<br>- Класа пијано кај наст Александар Ташев: Матеја Кузева и Софија Ѓорчева(класа наст.Лилјана Стојковска)- трета награда.<br>- Класа труба кај наст Звонко Богев:Андреј Ставров- прва награда, Митко Митрев- прва награда, Мартин Стојанов – прва награда.<br>61-от Државен натпревар за ученици од основни музички училишта:<br>Класа труба кај наст.Васко Рошков:<br>Мартина Темелкова Кабранова –специјална награда, Борис Димов - прва награда, Виктор Витанов - прва награда, Глигор Данов - втора награда, Илија Велјанов- прва награда, Горијан Пилев- прва награда.<br>- Класа труба кај наст.Звонко Богев 61-от Државен натпревар за ученици од основни музички училишта:Андреј Ставров- прва награда, Ненад Ристов- прва награда, Мартин Стојанов- втора награда.<br>- Класа пијано кај наст.Ивана Јанаќиева 61-от Државен натпревар за ученици од основни музички училишта :Благој Тодоров – втора награда, Сара Ѓорѓевиќ- втора награда.<br>- Класа наст.Александар Илиев 61-от Државен натпревар за ученици од основни музички училишта:Благој Тодоров – втора награда, Нела Вељковиќ – трета награда |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Класа традициски инструменти кај наст.Горан Јанев Меѓународен натпревар „Сергеј Михаљов“ Штип: Ангел Димитров и Ќире Аџиев –GRAND PRIX.<br>Балетскиот оддел под менторство на наставник Билјана Грозданова.И освои I (место) во категорија на „Џез формација деца“ на Танцовиот натпревар „Artist hub“ одржан на 14 мај во Струмица.<br>- Класа тромбон кај наст.Горан Тодоров Меѓународен натпревар „Сергеј Михаљов“ Штип:Јован Тодоров –прва награда, Ѓорѓи Митрев- прва награда.<br>- Класа пијано кај наст.Лилјана Стојковска Меѓународен натпревар „Сергеј Михаљов“ Штип: Јелица Лазарова – прва награда<br>- Класа традициски инструменти кај наст.Горан Јанев Меѓународен натпревар „Сергеј Михаљов“ Штип:Ангел Димитров и Ќире Аџиев- прва награда.<br>26-28. 05. 23 Меѓународен фестивал „Арт- ин “ Кавадарци<br>- Класа пијано наст.Ивана Јанаќиева: Благој Тодоров- специјална награда<br>- Класа пијано наст.Лилјана Стојковска: Љубица Ицева (класа наст. Ивана Јанаќиева) и Ангела Кимова-прва награда.<br>- Класа кларинет кај наст.Лазар Соколов: Тео Камчев- втора награда.<br>- Класа пијано на наст Ангелина Исакова:Леона Богев – прва награда |

**Документи**
НаставнипланoвииnрограмидонесениодМОН
Националнистандардизапостигањатанаученицитенакрајотодосновнотообразование

**Изворина податоци**
Годишнапрограмазаработатанаучилиштето;планирањатанаставниците;списоци,агендииизвештаиодреализираниобуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните

| |
|---|
| соработници;извештаиодстручнисоработницизаследенипланирања |

**Јаки страни:**

-Мотивираност на наставниците за меѓусебна соработка и помош за надминување на проблемите во и околу наставата и наставниот процес воопшто;
-Користење на разновидни наставни форми и методи за работа со сите ученици, како и користење на стратегии и техники на учење и поучување на учениците;
-Родителите и учениците го доживуваат училиштето како безбедна,интеркултурна,стимулативна,мотивирачка и пријатна атмосфера во кои учениците учат и правилно се развиваат;
-При реализација на наставата , наставниците користат различни техники со коичасот е интересен а наставната единица полесназа совладување;
-Учениците учат преку истражување на интрнет,работа во групи,презентации и насочена дискусија;
-Учениците кои се со посебни образовни потреби се прифатени од учениците во училиштето и им помагаат да бидат дел од социјалната група во која припаѓаат;
-Учениците со посебни образовни потреби работат со образовни асистенти кои заедно со наставниот кадар,стручната служба со кои ја совладува наставната предвидена содржина;

- Речиси сите ученици се вклучени во вонаставните активности според својот интерес;
-Училиштето и наставниот кадар се постојана мотивација и поддршка на учествата на учениците на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари со цел постигнување високи резултати од различни области , како и афирмација на личноста на ученикот;
На учениците да бидат вклучени во вонаставни активности во зависност од нивните желби и можности не исклучувајки ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус или од различен етникум;
- Учениците преку учество на разни приредби,прослави,манифестации и телевизиски емисии сеа фирмираат себе и училиштето;

**СЛАБИ СТРАНИ;**

-Нема спроведено МИО активности со други училишта;
- Училиштето треба да понуди поголем избор на различни вонаставни активности(клубови,проектиисл.);
-Учениците треба да имаат поголем пристап допланирање на вонаставни активности и подготовка на програма за реализација на истите.

**Идниа ктивности и сугестии:**

-Во следниот период ќе се работи на планирање и реализирање на МИО активности;
-Реализација на отворени часови,организирани од наставниците,з амеѓусебна размена на искуства и вклучување на учениците во проекти активности;
-Учениците се активно вклучени во вонаставните активности,но при планирањето и подготовката на програмата да се земат во предвид и нивни идеи, размислувања, сугестии и сл.

**Подрачје2:Постигања на учениците**

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| **2.1** | **Постигнувања на учениците** | • Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попречености<br>• Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците |
| **2.2** | **Мерки за подобрување на постигањата** | • Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава |

**Самоевалуацијанаучилиштето: ООМБУ ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ  Подрачје2:Постигањанаучениците**

| Индикатори | Теми | Дескриптори |
|---|---|---|
| Постигања на учениците | • Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД РАЗЛИЧЕН ПОЛ, ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ<br>Следење на постигање на учениците од различен пол по наставни предмети и квалификациони периоди, се применува во полугодишните и годишните извештаи на наставниците по наставни предмети и е проследено и документирано во извештаите на училиштето со извлечен среден успех на учениците. Потсетуваме дека нашето училиште има специфичности во наставните предмети и како такво имаме појава на ученици само од еден пол во различни наставни предмети. Од тие причини споредбените анализи за постигање на учениците од различен пол по наставни предмети е нелогичен.<br>Следење на постигање на учениците од различна етничка припадност по наставни предмети и квалификациони периоди во нашето училиште е непотребно, поради исклучителниот мал број на тие ученици и поради докажаниот талент и работа на тие ученици во ова училиште.<br><br>ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД РАЗЛИЧЕН ПОЛ, ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ<br>Се заклучува дека средниот успех на учениците, од двата пола и етничка припадност, секогаш е со висок просек, што се должи на карактерот на нашето училиште, посветено на таленти и ученици со |

| | | |
|---|---|---|
| | | голема желба да ја изучуваат музичко балетската уметност. Се реализираат училишните програми и програмите на стручните активи, со што се овозможува можност на учениците за потполно користење на нивните квалитети и капацитети. Потсетуваме дека учениците се оценуваат со полагање на полугодишни и годишни испити, проследени од комисија за оценување составена од три члена.<br><br>**Многу добро**<br>Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план.<br>Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и се евидентира во училишната архива.<br><br>**Задоволува**<br>Училиштето прибира податоци за постигањата на учениците според полот и според јазикот на наставата, за сите квалификациски периоди и презема активности за подобрување. Учеството и постигањата на воннаставните активности се евидентира во училишната архива. |
| | • Резултати од екстерни | Во нашето училиште немаме екстерно тестирање |

| | | |
|---|---|---|
| | тестирања | |
| | • Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попречености | ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ СО ТЕШКОТИИ ВО УЧЕЊЕТО, НА НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ И НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ<br>Идентификација на учениците со тешкотии во учењето е спроведено од наставниците, во индивидуалната настава и групната настава. Иако овој број на ученици е мал, им се посветува внимание преку дополнителната настава и прилагодување на програмот со нивните можности, што е предвидено и дозволено во наставните програми. Спроведено е известувањето на родителите со евидентни листови со успехот и поведението на учениците за секое тримесечие. Редовно се одржуваат родителски средби кои се евидентираат во наставните дневници како и поединечни средби со родителите. По потреба се повикуваат родителите да се укаже на проблемите со ученикот. Последните 2 години се посветува поголемо внимание и напор за нивна застапеност во учество на јавни настапи, за поуспешно градење на нивната самодоверба и поттик за совладување на дадениот материјал. Училиштето има изработено критериум за следење на сите ученици преку јавни настапи, кои се задолжителни 2 пати годишно, во форма на класен концерт. Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, во нашето училиште се применува со дадената можност на покасно запишување на ученикот од предвидената возраст во наставната програма. Во тој случај ние му овозможуваме на ученикот можност за |

| | | |
|---|---|---|
| | | побрзо совладување на материјалот, преку дополнитена настава и можност за полагање на две години во една школска година поради приближувањето на ученикот до неговата генерација и навремено завршување на музичкото образование.<br>Идентификацијата на надарени ученици е основа на работата на нашето училиште. Наставниците работат со цел на откривање на таленти, систематско работење на програмата за работа, поттик за напорното вежбање и изучување на дадениот материјал. Наставниците настапуваат со посебен педагошки пристап од охрабрувачки карактер, најмногу пред предстојните ревијални или натпреварувачки настапи.<br>Стручните активи редовно дискутираат и ја следат работата на талентираните ученици. Со нивните програми им овозможуваат голем број настапи на фестивали, државни и меѓународни натпревари, концерти, концерти на наградени, рецитали и полурецитали и музички и балетски точки во културните програми на градот и локалната самоуправа. Им организира училишни натпревари со цел потемелно селектирање, можност за мерење на квалитетот пред нивна публика и спроведување на критериум за проследување на учениците во повисоко ниво на натпревари. Отворена е книга на талентирани ученици. Изработен е зборник на државни имеѓународни награди во текот на 40 години работење на нашето училиште. Со иста цел, афирмација на учениците и потик за продолжување на нивните успеси, направени се јавни приеми и пофалби на истите од страна на претставници на градот. Секоја година се доделуваат наградите: Најдобар ученик на генерацијата и Најдобар ученик на секоја класа поединечно. Со цел за |

| | | |
|---|---|---|
| | | поцелосно следење на успехот на учениците, на дел од нив, направени се аудио-визуелни снимки и нивно презентирање на јавните гласила, меѓу кои и блог страницата на училиштето. Одржани е семинар-концерт со учениците од наставниот предмет труба и професор Васо Ристов од ФМУ, Скопје и семинар со сопран Весна Дуганова од Конзерваториум Санта Лучија, Рим. Училиштето е во соработка со Асоцијации на музички педагози.<br><br>Идентификацијата на учениците со посебни образовни потреби е направена од самите наставници и истата е забележана кај четири ученика.Посебните образовни потреби се однесуваат на педагошки и психолоки пристап на наставниците кон тие деца,додека нивниот недостаток е од непречен карактер за совладување на материјалот.<br><br>**Многу добро**<br>Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на<br>Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план.<br>Учеството и постигањата на вонаставните активности континуирано се следи и се евидентира во училишната архива.<br>**Задоволува** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето прибира податоци за постигањата на учениците според полот и според јазикот на наставата, за сите квалификациски периоди и презема активности за подобрување. Учеството и постигањата на вонннаставните активности се евидентира во училишната архива |
| | • Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Известувањата за постигнувањата на учениците на родителите се пренесуваат преку родителските средби, евидентните листови, класните концерти, новогодишен концерт, Божиќен концерт, годишен завршен концерт на училиштето како и настапи на различни манифестации организирани од страна на училиштето и од локалната самоуправа. |
| **Извори на податоци**<br><br>Записници од советувања на родители и ученици; распоред и списоци за дополнителна и додатна настава; Е-дневник; извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата. | | |
| Мерки за подобрување на постигањата | • Редовност во наставата | Се следи редовноста во наставата и истата е на задоволително ниво.Просечниот број на отсуства на учениците изнесува 2 изостанока од ученик.Ова се должи со можноста кај индивидуалната настава,која е најмногу застапена во нашето училиште,за замена на час и прилагодувањето на наставникот и наоѓање на термин за час кој му одговара на ученикот.Учениците кои се со поголем број на изостаноци навремено се известуваат родителите и се бара причината за нередовноста на ученикот.<br>**Многу добро**<br>Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата |

| | | |
|---|---|---|
| | | на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план. Учеството и постигањата на вонннаставните активности континуирано се следи и се евидентира во училишната архива. **Задоволува** Училиштето прибира податоци за постигањата на учениците според полот и според јазикот на наставата, за сите квалификациски периоди и презема активности за подобрување. Учеството и постигањата на вонннаставните активности се евидентира во училишната архива |
| | • Советување на родители/старатели и ученици | Досега во училиштето не е регистриран случај каде би се превземале мерки за советување на родител/старател и ученик. |
| | • Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ПРЕКУ РЕДОВНАТА И ДОПОЛНИТЕЛНАТА\ДОДАТНАТА НАСТАВА За достигнување на целта од оваа област направени се зголемувања на примената на ИКТ во функција на потребите на училиштето.Посетувани се семинари од страна на наставниците.Се применуваат современи методи на оценување и планирање на наставата.Има задолжени наставници за збогатување на библиотечниот фонд.Овозможувањето на бројните настапи на учениците е со цел подобрување на редовната настава,а со истото се користи и за реализација на додатната и дополнителната настава,која |

| | | |
|---|---|---|
| | | е евидентирана во дневниците,во распоредите и со посебен акцент на додатната настава,поради поголемиот број на талентирани ученици.Секој ученик има досие во кое се следи неговата работа.Училиштето има Кодекс за однесување на наставниците и Кодекс за однесување на учениците.Наставничкиот совет и Управниот Одбор редовно се известени за работата на училиштето и резултатите и проблемите со кое се соочува,се разгледуваат дадените ситуации и се бараат решенија за истите.<br>**Многу добро**<br>Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на<br>Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план.<br>Учеството и постигањата на вонннаставните активности континуирано се следи и се евидентира во училишната архива.<br><br>**Задоволува**<br>Училиштето прибира податоци за постигањата на учениците според полот и според јазикот на наставата, за сите квалификациски периоди и презема активности за подобрување. Учеството и постигањата на вонннаставните активности се евидентира во училишната архива. |

**Извори на податоци**

Дневник; записници од родителски состаноци; анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување; анализи на резултати од екстерни тестирања; анкети со ученици, наставници, родители; интервјуа со стручни соработници, директор.

**Силни страни**

Клучни јаки страни:

СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД РАЗЛИЧЕН ПОЛ, ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ ПО НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ И КВАЛИФИКАЦИОНИ ПЕРИОДИ

- Училиштето располага со комплетни податоци внесена во единствена база на податоци по пол и етничка припадност, по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.

***ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД РАЗЛИЧЕН ПОЛ, ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ**

Училиштето планира и превзема конкретни активности за континуирано задржување на веќе постоечкиот висок просек на средниот успех. Средниот успех на учениците од двата пола и етничка припадност е секогаш со висок просек.

***ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ СО ТЕШКОТИИ ВО УЧЕЊЕТО, НА НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ И НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ**

Спроведено е известувањето на родителите со евидентни листови со успехот и поведението на учениците на секое тромесечје. Редовно се одржуваат родителски средби кои се евидентираат во наставните дневници како и поединечни средби со родителите. По потреба се повикуваат родителите да се укаже на проблемите со ученикот. Последните 2 години се посветува поголемо внимание и напор за нивна застапеност во учество на јавни настапи, за поуспешно градење на нивната самодоверба и потик за совладување на дадениот материјал.

Наставниците работат со целта откривање на таленти, систематско работење на програмата за работа, поттик за напорното вежбање и изучување на дадениот материјал. **Голем број на учество на ученици од сите класи, на државни и меѓународни натпревари. Голем број на концерти и други јавни настапи на локално и државно ниво.**

*ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ПРЕКУ РЕДОВНАТА И ДОПОЛНИТЕЛНАТА\ДОДАТНАТА НАСТАВА

Посетувани се семинари од страна на наставниците. Се применуваат современи методи на оценување и планирање на наставата. Има задолжени наставници за збогатување на библиотечниот фонд. Овозможувањето на бројните настапи на учениците е со цел подобрување на редовната настава а со истото се користи и за реализација на додатната и дополнителната настава, која е евидентирана во дневниците, во распоредите и со посебен акцент на додатната настава, поради поголемиот број на талентирани ученици.

*СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ПРИ ПРЕМИН ОД ЕДЕН ВО ДРУГ ЦИКЛУС И ОД ЕДНО ДО ДРУГО НИВО НА ОБРАЗОВАНИЕ

Училиштето ги следи постигнувањата на учениците при премин од едно во друго одделение.

--Училиштето ја следи и почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште притоа ги доставува сите значајни информации за образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации.

**Задржување/осипување на учениците**

- **ОПФАТ НА УЧЕНИЦИТЕ**

- Училиштето има план за дејствување во текот на целата година со цел поуспешна презентација на училиштето и со тоа привлекување на поголем број на нови ученици. Училиштето има веб, блог и страница на фејсбук. Запишаните ученици потекнуваат од градот, населбите и околните села.

*** РЕДОВНОСТ ВО НАСТАВАТА**

Се следи редовноста во наставата и истата е на задоволително ниво.  Учениците кои се со поголем број на изостаноци навремено се известуваат родителите и се бара причината за нередовноста на ученикот.

***ОСИПУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

Осипувањето на учениците е многу мало.

***ПРЕМИН НА УЧЕНИЦИ ОД ЕДНО УЧИЛИШТЕ ВО ДРУГО**

Се следи правната постапка при премин на ученици од едно училиште во друго.

**Повторување на учениците**

Во училиштето нема случај на повторување на ученик,поради карактерот на ова образование.

**Слаби страни**

**ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ СО ТЕШКОТИИ ВО УЧЕЊЕТО, НА НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ И НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ**

**Училиштето нема систем за идентификација на ученици кои имаат тешкотии во учењето, како и за ученици со посебни образовни потреби, затоа наставниците сами ги идентификуваат истите и бараат решение за работа со нив.**

***ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ПРЕКУ РЕДОВНАТА И ДОПОЛНИТЕЛНАТА\ДОДАТНАТА НАСТАВА**

Училиштето има балетска сала која ги задоволува потребните норми за одвивање на настава во добри услови.

***СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ПРИ ПРЕМИН ОД ЕДЕН ВО ДРУГ ЦИКЛУС И ОД ЕДНО ДО**

## ДРУГО НИВО НА ОБРАЗОВАНИЕ

Следењето на постигања на учениците при премин од едно до друго ниво на образование не е евидентирано.

**Подрачје3:Училишна клима и односи во училиштето**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 3.1 | **Училишна клима** | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Партиципација на учениците во решавањето на проблеми и донесувањето на одлуки |
| 3.2 | **Еднаквост и правичност** | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| 3.3 | **Партнерски однос со заедницата** | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |
| 3.4 | **Севкупна грижа за учениците** | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |

**Самоевалуацијанаучилиштето:ООМБУ „ Лазо Мицев - Рале“ Кавадарци**

**Подрачје3:Училишнаклимаиодносивоучилиштето**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор3.1Училишнаклима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Кодекс на однесување<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Куќен ред<br>• Одделенски дневници<br>• Веб страна на училиштето<br>• Локални медиуми<br>• Должности и правила за однесување на наставниците и учениците<br>• Записници од стручни активи<br>• Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br>• Записници од УО | Углед/имиџ на училиштето | **Многу добро**<br>Вработените со својата работа и однесување придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Училиштето е препознатливо според високиот квалитет на работа и постигнување на високи резултати на учениците на државни и меѓународни натпревари, нивни настапи на државни и локални медиуми. Соодветно постигнати високи педагошки резултати училиштето го носи епитетот „РАСАДНИК НА МЛАДИ ТАЛЕНТИ“. Највисоко наградените ученици и нивните педагози се промовираат преку приеми организирани од страна на градоначалникот на општина Кавадарци. Присутно е учество на наши ученици и концертно активни наставници на сите културни манифестации на општинско ниво.<br>Секој настап е евидентиран преку локалните и државни медиуми, истакнат на фејсук и блогот на училиштето. Училиштето има БРОШУРА со која ја промовира својата работа. Во јуни 2010 год. по повод јубилејот 40 години работа и постоење издадена е публикација, ЗБОРНИК на освоени државни и меѓународни награди на музички натпревари, средби и фестивали.<br>Од 2010 година ООМБУ Лазо Мицев – Рале е организатор на |

| | | |
|---|---|---|
| • **Записници од Совет на родители**<br>• **Дневник за советодавна работа со ученици на стручните соработници**<br>• **Годишна програма за работа на Ученичките заедници** | | Меѓународниот натпревар „КМК“ во Кавадарци. На овој натпревар досега земале учество следниве земји: Р.Хрватска, Р.Србија, Р.Бугарија, Р.Албанија и Р.Босна и Херцеговина. Членови на жирито на овој меѓународен натпревар се познати еминентни имиња од Македонската и меѓународната музичка сцена. Деталните информации за овој натпревар се достапни на www.kamernamuzika.com. |
| | Кодекс на однесување | **Многу добро**<br>Во училиштето има Кодекс на однесување на наставници, ученици и родители со кој се поставени принципите и правилата за однесување на сите структури во училиштето.<br>Училиштето нема процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата во однесувањето пропишани со Кодексот. |
| | Училишна клима | **Многу добро**<br>Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените што се гледа од увидот во записниците на наставничкиот и одделенските совети, стручните активи кои работат по свои програми што се дел од Годишната програма на училиштето, како и од веб страната на училиштето.<br>Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Од наведените извори може да се дојде до сознание дека учениците се чувствуваат прифатени од вработените и другите ученици без оглед на нивната способност, полот, етничката припадност, социјалното потекло и вероисповеста. |

| | | |
|---|---|---|
| | Поведение и дисциплина во училиштето | **Многу добро**<br>Дисциплината на учениците е добра. Поведението и дисциплината се на завидно ниво со исклучок на мал број на ученици заради: нередовноста на наставните часови, која што честопати е оправдана од медицински лица и од страна на родителите.<br>Наставниците постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на часовите, приемот на најмалите ученици и нивното заминување од училиштето. |
| | Учество научениците во донесувањето одлукиирешавањет о проблеми | **Многу добро**<br>Бидејќи ние сме уметничко училиште и ученичките групи се формирани од различни основни училишта, учениците навремено и целосно се информирани од страна на класните раководители, како и од неколку ученици(од секој одсек по еден избран ученик) за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку нивните претставници учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Тие предлагаат и спроведуваат активности за подобрување на работата во училиштето. Постојат тројца ученици, од секој оддел по еден претставник кои ги реализираат иницијативите на сите ученици. Учениците редовно се поканувааат и присуствуваат на состаноци во училиштето. |
| **Индикатор3.2Еднаквостиправичност** | | |
| **Извори наподатоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишни глобални и тематски планови и програми по предмети | Познавање и почитувањенаправата на децата | Во ООМБУ „Лазо Мицев-Рале” Кавадарци се води грижа за родовата сензитивност. Сите ученици независно од националната припадност се подеднакво вклучени во активностите на училиштето. Во музичкото училиште постојат еднакви наставни |

| | | |
|---|---|---|
| • Дневник<br>• Ученичко досие за упис на учениците | | содржини за сите ученици (машки и женски) со што подеднакво се третираат и обата пола без полова дискриминација.<br>За талентираните ученици и учениците со потешкотии во наставата во музичкото училиште се организираат додатна и дополнителна настава а помеѓу учениците од различно етничко потекло не се прави разлика. |

| | | |
|---|---|---|
| | Еднаковиправичен третман на сите ученици | **Многу добро**<br>Вработените стручни лица, заедно со наставниците внимаваат сите ученици да добијат еднаков третман во индивидуалната и во групната настава.<br>Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман. Сите ученици имаат пристап и се вклучени во училишните активности. |
| **Индикатор3.3Партнерскиодноссо заедницата** | | |
| **Изворинаподатоци** | **Теми по индикатори** | **Информацииткоисесобрани** |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Записници од Совет на родители на училиштето<br>• Одделенски книги<br>• Архива<br>• Годишен извештај за работата на училиштето | Соработка на училиштето со родителите/старател ит е | **Многу добро**<br>Родителите на учениците од музичкото училиште се вклучуваат во тековните настани преку родителски средби, индивидуални родителски средби, вклучување на членови во Советот на родители, членување во Училишен одбор со што се запознаваат со проблемите на училиштето.<br>Со родителите најчесто се комуницира усно, но по потреба и писмено. При информирањето им се даваат информации за: успехот во наставата, поведението на ученикот, пофалба.<br>На родителите на наставничко родителските средби, на средбите на советот на родители на ниво на училиште им се даваат информации за: наставните планови и програми, наставниот кадар, постигањата на учениците, Кодексот на однесување за наставници и ученици, Куќниот ред во училиштето, хигиената, семинарите, концертите, натпреварите, јавните настапи и др. |

| | | |
|---|---|---|
| | Соработкасо општината и со урбанатазаедница | **Многу добро**<br>Училиштето соработува со следните институции од локалната средина:<br>1. Дом на култура<br>2. Центар за социјална работа<br>3. Информативни медиуми<br>4. Основни и средни училишта<br>5. Невладини организации<br>6. Спортски друштва и клубови<br>Соработката се состои од:<br>1. Учество на разни манифестации и претстави од областа на културата и уметноста<br>2. Учество со изведување на мали концерти и презентација на фолклорни точки<br>3. Известувања за успесите на учениците на регионални, државни и меѓународни натпревари<br>4. Реализација на проекти<br>Музичкото училиште соработува и со други училишта при размена на искуства, консултации, решавање на конфликтни ситуации, учество во заеднички проекти и др. Училиштето учествува во Интернет мрежа со други основни училишта преку Веб страната со што уште повеќе се зголемува соработката со другите училишта. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, концерти, учество на културни манифестации,активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и |

| | | |
|---|---|---|
| | | заедницата. |
| **Индикатор3.4Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Кодекс на однесување; куќен ред на училиштето; набљудување на условите во училиштето; протокол за превенција и заштита од насилство; анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; записници од советувања; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документацијата; организирани трибини, | Превенција и заштита од насилство | **Многу добро** Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените си ги знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители. По преземените активности, насилството во училиштето го нема, а нема евидентирано насилство од второ и трето ниво. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | **Многу добро** Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана за пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од |

| | | |
|---|---|---|
| дебати, предавања со учениците, родителите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; записници од спроведените активности за професионална ориентација. | | штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. |
| | Квалитетна достапна храна | **Многу добро**<br>Училиштето се грижи за квалитетот на храната што ја внесуваат учениците во училиштето. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана |
| | Хигиена и заштитаод болести | **Многу добро**<br>Во училиштето тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат барем два пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училишен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање прва помош. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижазабезбедноста на учениците и вработените | **Многу добро**<br>Во училиштето има ПП-апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. |
| | Грижазаучениците од социјално загрозени семејства | **Многу добро**<br>Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. Училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница) за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства. |
| | Грижа за учениците со здравственипроблеми | **Многу добро**<br>Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Реализацијата на наставата се спроведува во соработка со родителите/старателите, локалната заедница и/или други релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа). |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | **Многу добро**<br>Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социоемоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн). Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално |

| | |
|---|---|
| | учење |
| Давањепомошпри изборот за продолжување на образованието | **Многу добро**<br>Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците. Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и устни соопштенија. Училиштето им дава помош на учениците и на нивните родители/старатели во избор на средното училиште |

| Податоци од извршената анкета со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и учениците | | |
|---|---|---|
| Анкета | **Учество** | Информации од извршената анкета |
| **Членови од тимот за интервју:**<br><br>Анѓелина Исакова | | Од интервјуто со Директорот на нашето училиште, констатиравме дека на сите досегашни посетени часови дисциплината задоволува, нема проблеми или одредени нарушувања, при што наставата се одвива во |

| | |
|---|---|
| Лилјана Стојковска<br>Васко Рошков<br>Васко Мелов<br><br><br><br>**Членови од тимот за анкета:**<br><br>Анѓелина Исакова<br>Лилјана Стојковска<br>Васко Рошков<br>Васко Мелов | најдобар можен ред.<br>Часовите течат со определена динамика, при посетата на часовите сите ученици се работно ангажирани и се исполнуваат целите и задачите зацртани со наставните програми по соодветните предмети. Постојат ученици кои што успеваат и да ги надминат наставните планови и програми, ученици кои што се посебно надарени, а што се гледа од нивните многубројни награди и признанија од државни и меѓународни натпревари и фестивали.<br>Секој ученик без разлика на полот, возраста, социјалната или етничката припадност може да побара помош или мислење, односно да даде сугестија за разрешување на било каков проблем и покренување на разновидни активности. Меѓусебната соработка на училиштето со родителите е на завидно ниво бидејќи се остваруваат контакти на релација родители-одделенски и предметни наставници, а оваа соработка се повеќе се зацврстува преку работата на Советот на родители. Локалната самоуправа перманентно дава несебична сестрана помош на училиштето како на финансиски така и на советодавен план. На крајот од учебната година, поточно во месец мај, се прави промоција по детските градинки и основни училишта за упис во музичкото училиште, се оди на посета со мал број ученици од нашето училиште и со рекламен-електронски материјал, кој ги опфаќа податоците на училиштето: адреса, блог и телефонски број. При секое запишување на нови ученици, се прави аудиција за прием и на таа аудиција секој ученик добива право да се запише во музичкото училиште според своите покажани музички способности.<br><br>Во училиштето беше спроведена анкета за родителите и учениците.<br>На прашањето:<br>**1. Дали комуникацијата помеѓу наставниците, родителите и учениците е д**<br><br>-Родителите одговориле: |

| | |
|---|---|
| Да | 98% |
| Понекогаш | 2% |
| Не | 0% |

-Учениците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 95% |
| Понекогаш | 5% |
| Не | 0% |

**2. Дали однесувањето на наставниците кон сите ученици е исто?**

-Родителите одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 99% |
| Понекогаш | 1% |
| Не | 0% |

-Учениците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 98% |
| Понекогаш | 2% |
| Не | 0% |

**3. Дали во училиштето се почитува Кодексот на однесување?**

-Родителите одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 96% |
| Понекогаш | 4% |
| Не | 0% |

-Учениците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 96% |
| Понекогаш | 4% |
| Не | 0% |

**4. Дали сте навремено информирани за се што е поврзано со работата во училиштето?**

-Родителите одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 99% |
| Понекогаш | 1% |
| Не | 0% |

-Учениците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 98% |
| Понекогаш | 2% |
| Не | 0% |

**5. Дали сте известени каде да се обратите кога имате некое прашање или проблем?**

-Родителите одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 97% |
| Понекогаш | 3% |
| Не | 0% |

-Учениците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 100% |
| Понекогаш | 0% |
| Не | 0% |

**6. Дали сте добро пречекани и прифатени од вработените во училиштето?**

-Родителите одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 99% |
| Понекогаш | 1% |
| Не | 0% |

-Учениците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 98% |
| Понекогаш | 2% |
| Не | 0% |

**7. Дали учениците покрај редовната настава се дополнително активирани лична афирмација?**

-Родителите одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 90% |
| Понекогаш | 5% |
| Не | 5% |

-Учениците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 91% |
| Понекогаш | 8% |
| Не | 1% |

**8. Дали наставниците доволно ги мотивираат учениците во наставата?**

-Родителите одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 98% |
| Понекогаш | 2% |
| Не | 0% |

-Учениците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 98% |
| Понекогаш | 2% |
| Не | 0% |

**9. Дали во училиштето се прави разлика во однесувањето кон учениците од различна национална припадност?**

-Родителите одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 0% |
| Понекогаш | 2% |
| Не | 98% |

-Учениците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 0% |
| Понекогаш | 3% |
| Не | 97% |

**10. Дали подеднакво ги почитувате сите наставници ( кои ви предаваат и не ви предаваат ) и другите вработени?**

-Родителите одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 98% |
| Понекогаш | 2% |
| Не | 0% |

-Учениците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 100% |
| Понекогаш | 0% |
| Не | 0% |

Во училиштето беше спроведена анкета и за наставниците. На прашањето:

**1. Дали ти се допаѓа работата во ова училиште?**

-Наставниците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 100% |
| Понекогаш | 0% |
| Не | 0% |

**2. Дали во училиштето се негува позитивна социјална клима, меѓу соработка и уважување помеѓу учениците и помеѓу вработените?**

-Наставниците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 90% |
| Понекогаш | 10% |
| Не | 0% |

**3. Дали сите наставници се третираат подеднакво?**

-Наставниците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 90% |
| Понекогаш | 10% |
| Не | 0% |

**4. Дали меѓусебните односи се без предрасуди во поглед на социјалниот статус, вероисповедта, националната или половата припадност?**

-Наставниците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 100% |
| Понекогаш | 0% |
| Не | 0% |

**5. Дали сте свесни дека вашето однесување е пример на учениците, родителите и колегите?**

-Наставниците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 97% |
| Понекогаш | 3% |
| Не | 0% |

**6. Дали за реализација на наставата наставниците користат нови фо методи?**

-Наставниците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 91% |
| Понекогаш | 7% |
| Не | 2% |

**7. Дали наставниците имаат доволно ресурси на располагање за реализаци наставниот процес**?

-Наставниците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 88% |
| Понекогаш | 10% |
| Не | 2% |

**8. Дали наставниците подеднакво ги мотивираат и стимулираат сите учен**

-Наставниците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 100% |
| Понекогаш | 0% |
| Не | 0% |

**9. Дали во училиштето се промовираат постигнувањата на учениците?**

-Наставниците одговориле:

| | |
|---|---|
| Да | 92% |
| Понекогаш | 8% |
| Не | 0% |

**Подрачје3:Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Музичкото училиште води целосна грижа за професионалниот развој на воспитно образовниот кадар и за остварувањето на визијата и мисијата кои се истакнати на видно место во училиштето. При формирањето на паралелките, односно при секое запишување на нови ученици, се прави аудиција за прием на ученици кои што се талентирани, и на таа аудиција секој ученик добива право да се запише во музичкото училиште според своите покажани предзнаења. Училиштето обезбедува еднакви наставни содржини за сите ученици при што за учениците со потешкотии во учењето се изведува дополнителна настава а за надарените ученици се организира додатна настава. Со тоа наставниците ги подржуваат надарените ученици а учениците кои што имаат потешкотии во учењето, преку изведување на дополнителна настава го надополнуваат она што е потешко или помалку јасно. За сите поважни случувања поврзани со учениците, се дискутира со родителите на родителско-наставничките средби (групни и индивидуални), со сите проблеми, доколку ги има, се запознава и Советот на родители и Училишниот одбор. Музичкото училиште има Кодекс на однесување а има и пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата.

Дисциплината на учениците е добра. Нема проблеми поврзани со лошо однесување на учениците за време на настава, а речиси секоја нередовност на ученик е оправдана од родител или медицинско лице. Заради тоа во училиштето нема прекини во учењето и наставата.

Наставниците постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на приемот и нивното заминување од училиштето. Особено им се дава голема важност на учениците кои што се многу мали а сами доаѓаат на настава. Секој наставник има податоци за секој таков ученик и редовно контактира со родителите околу доаѓањето и заминувањето. Учениците се навремено и целосно информирани за се што е од нивен интерес. Тие учествуваат во решавањето на проблеми и донесувањето на одлуки.

Постои професионална соработка меѓу вработените кои ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други и да се чувствуваат прифатени од вработените и другите ученици без оглед на разликите.

За да ги промовира личните постигнувања на учениците училиштето: јавно ги пофалува, организира јавна презентација на постигањата на училиштето, врши презентација на јавни културни приредби со учество на ученици, учествува на натпревари и конкурси од државен или меѓународен карактер, преку веб страната на училиштето и социјалните мрежи се промовираат успесите на учениците при учество на натпревари, конкурси, фестивали и др...

Училиштето ги следи сите ученици и води грижа да добијат еднаков третман. Еднаквоста и правичноста во третманот на учениците започнува уште со нивниот упис во училиштето.

Родителите се информираат за се што е поврзано со нивното дете од страна на наставникот. Со нив се комуницира најчесто усно, но по потреба и писмено. При информирањето им се даваат информации за: успехот во наставата, поведението на ученикот, пофалба. На родителите на наставничко родителските средби , на средбите на советот на родители на ниво на училиште им се даваат информации за: наставниот кадар, наставните планови и програми, постигањата на учениците, организационата поставеност на училиштето, Кодексот на однесување, Куќниот ред во училиштето итн.

АКТИВИ

Училиштето соработува со другите заинтересирани учесници во образованието од локалната заедница.

Училиштето соработува со следните институции од локалната средина: основни и средни училишта, Дом на култура, Центар за социјална работа, информативни медиуми, невладини организации, спортски друштва и клубови, театар, институции од областа на културата и др.

Училиштето соработува со други училишта при решавање на конфликтни ситуации заради размена на искуства, консултации, учество во заеднички проекти и др. Училиштето учествува во Интернет мрежа и со други основни училишта соработува преку Веб страната.

**Силни страни**

- **<u>Углед/имиџ на училиштето</u>**

  Училиштето е препознатливо според високиот квалитет на работа и постигнување на високи резултати на учениците на државни и меѓународни натпревари, нивни настапи на државни и локални медиуми, промовирање на највисоко наградените ученици преку посета на локалната самоуправа и градоначалникот на општина Кавадарци, учество на наши ученици и концертно активни наставници на сите културни манифестации на општинско ниво. Веќе неколку години со организација на меѓународниот натпревар КМК, се промовираат училиштето и градот и на меѓународно ниво, започнувајќи нови соработки и проекти со училишта од други земји, проследени од еминентни имиња во жири комисја. Учениците и вработените во училиштето се грижат за угледот на училиштето и се горди што се дел од него. Со настапите на нашите ученици и со нивните достигнувања како на државно, така и на меѓународно ниво, не само што го промовираме

нашето училиште, нашата општина туку и нашата држава. Поголем дел од наставниот кадар ужива респект кај родителите и учениците.

Заклучок: Според резултатите од спроведените анкети, може да се заклучи дека угледот/имиџ на училиштето е многу добар.

- **<u>Кодекс на однесување</u>**

  Училиштето има кодекс на однесување со кој се поставени правилата и принципите на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во неговата изработка учествуваа наставници поединци, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури и таквите процедури ги спроведува во практика.

  Заклучок: Според резултатите од спроведените анкети, може да се каже дека кодексот на однесување се спроведува добро и нема потреба од дополнителни измени. Училиштето има утврдено процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата во однесувањето пропишани со Кодексот.

- **<u>Училишна клима</u>**

  Комуникацијата помеѓу наставниците, родителите и учениците задоволува. Училиштето води политика за взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Вработените стручни лица, заедно со наставниците внимаваат сите ученици да добијат еднаков третман во индивидуалната и во групната настава.

- **<u>Поведение и дисциплина во училиштето</u>**

  Заради успешно справување со дисциплината во училиштето нема прекини во учењето и наставата. Меѓусебната соработка на училиштето со родителите е на завидно ниво, бидејќи секојдневно се остваруваат контакти на релација родители-одделенски и предметни наставници, а оваа соработка се повеќе се зацврстува преку работата на Советот на родители. Дисциплината во училиштето е многу добра. Учениците се совесни, соработуваат со кадарот и меѓусебно и учтиво се однесуваат. Часовите течат со определена динамика.

- **<u>Партиципација на учениците во решавањето на проблеми и донесувањето на одлуки</u>**

Учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес.Нивна партиципација во реализација на училишни проекти е многу добра. Нашите ученици учествуваат во повеќе проекти.

| |
|---|
| **Слаби страни**<br>• **<u>Партиципација на учениците во решавањето на проблеми и донесувањето на одлуки</u>**<br>Училиштето нема формирано ученичка заедница која учествува во донесување на одлуки за сите прашања што се однесуваат во врска со училиштето. |
| **Приоритети**<br>• Методички работилници за родителите преку кои ќе се запознаат со правата и обврските на децата. |

☐

**Подрачје4:Управување, раководење и креирање политики**

| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **Теми:** |
| --- | --- | --- |
| **1.1** | **Управувањеи раководењесо училиштето** | • Применување годишни програми и создавање визија за она што го посакуваме;<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>• Избор на наставни програми.<br>• Реализација на програми со системска промена; |
| **1.2** | **Цели и креирање на училишната политика** | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала;<br>• Соработка со локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието и определување приоритети за подобрување;<br>• Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми; |

**Самоевалуацијанаучилиштето:ООМБУ „ Лазо Мицев - Рале“ Кавадарци**

**Подрачје4:Управување,раководењеикреирањеполитики**

**Собирање податоци**

**Индикатор4.1Управување и раководење со училиштето**

| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|---|
| Програма за работа на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); развојна програма на училиштето; програма за работа на директорот; програми за професионален развој; докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор; распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во | Управување со училиштето | **Многу добро**<br>Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури.<br>Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите.<br>Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето.<br>Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. |
| | Раководење со училиштето | **Многу добро**<br>Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. |

| | | |
|---|---|---|
| училиштето; прашалник за одговорното лице од општината; докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека. | | Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. |
| | Управување и раководење со ресурсите | **Многу добро**<br>Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. |
| | Раководење со кадарот | **Многу добро**<br>Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни плановии програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.<br>Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни |

| | | |
|---|---|---|
| | | планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки,<br>согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | **Многу добро**<br>Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред,<br>континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; план за следење и | Процедури за креирање на училишната политика | **Многу добро**<br>Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| евалуација за реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој; буџет и финансиски план на училиштето. | Резултати од развојно планирање | **Многу добро**<br>Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | **Многу добро**<br>Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. |

**Документи**

Правилникзаформатаисодржинатанаразвојнатаигодишнатапрограмазаработанаосновнотоучилиште

**Изворина податоци**

Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; анкети/интервјуа со директорот,стручнитесоработници,наставниците,родителите,учениците;записнициодучилишниотодбор,советотнародители, наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; деловник за работа на училишниотодбор;планзапрофесионаленразвој;

**Подрачје4: Управување, раководење и креирање политики**

**Опис/ резиме на подрачјето**

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Постои деловник за работа на УО во кој јасно се дефинирани надлежностите за управување и е изработен согласно статутот на училиштето. УО работи согласно изготвена програма за работа. Раководниот орган има јасна визија за работата на училиштето. Има партнерски однос, соработува и раководи со: наставниот кадар, стручните органи и тела, локалната средина, локалната самоуправа, владини и невладини организации. Преку изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати, едукација на наставниот кадар и набавка на нагледни средства. Од спроведената анкета 84,5% од родителите изјавиле дека се запознати со работата на УО, а 15,5% не се запознати со неговата работа. Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на ОУ и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН. Иститe се во склад со насоките кои училиштето ги добива од БРО. Со нив се обезбедува квалитетна настава и во нивното креирање учествува наставниот кадар преку тимови. Училиштето има своја политика поврзано со дисциплината и поведението на учениците. За таа цел има донесено: Должности за воспитно образовниот кадар, Правила за однесување на учениците (Кодекс за учениците) и Куќен ред. Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, родителите, учениците, локалната средина, при што се почитуваат насоките дадени од МОН И БРО. Училиштето редовно и навремено ги идентификува и планира потребите од материјално-технички

средства, преку анкетирање на наставниците, индивидуални разговори, увид во постоечката состојба во училиштето, предлог финансискиот план, планот за јавни набавки и Годишната програма за работа на училиштето. Обезбедувањето на материјално-техничките средства претставува потешкотија заради ограничените материјално-финансиски средства. Постоечките нагледни средства се во функција на наставата и од наставниот кадар и оптимално се користат. Училиштето преку горе наведените планови обезбедува средства за нивно континуирано одржување.Училиштето редовно изработува проекти со истите аплицира и со добиените средства врши подобрување и осовременување на инфраструктурата во училиштето имајќи ги во предвид зацртаните приоритети. Во последните години училиштето имаше помали донации од страна на родителите со кои се финансира учество на музички натпревари и набавка на нови иснтрументи. Согласно одговорите на наставниците од спроведената анкета истите се изјасниле дека: се идентификуваат нивните потреби за професионален развој, редовно посетуваат семинари за истиот, соработуваат со стручните соработници за потребите кои ги налагаат промените во образовниот систем и дека редовно се прашувани за потребите од нагледни средства и  редовно ги добиваат истите.

**Силни страни**

- Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето, работи согласно изготвена програма за работа и деловник за работа.
- Раководниот орган ( во соработка со стручните органи и тела )преку изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати, едукација на наставниот кадар и набавка на нагледни средства.
- Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на ОУ и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН.
- Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, родителите, учениците, локалната средина, при што се почитуваат насоките дадени од МОН И БРО.

**Слаби страни**

**НЕМА**

**Предлогмерки**

-Организирање обука за членови на училишни одбори
-Воспоставување практика на кандидирање/поднесување кандидатура пред одржувањето на состаноците за избор на член на УО
-Запознавање на заинтересираните наставници, стручни соработници, родители/старатели со условите и начинот за кандидирање и постапката за именување член на УО,при што ќе им се даде можност да јапрезентираат својата кандидатура пред органот кој ги бира

-Конзистентно објавување на одлуките кои ги донесува УО,за кои е потребно да бидат информирани засегнатите страни

-Следење на буџетот на квартално ниво

-Воспоставување практика за оддавање признанија имотивација на кадарот и еднакви можностизатоа

-Воспоставување практика на редовно информирање за училишниот буџет и трошењето

-Подобрување на информирањето за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање

РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА

ООМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци ја изврши својата самоевалуација врз основа на Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта, донесен врз основа на член 149 од Законот за основно образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.103/0, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 10/12 и 24/13 ).За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и новите индикаторите за квалитетна работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ и МЦМС.

За поголема ефикасност во работењето тимот формира и работни групи по подрачја, кои имаа средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа користеше повеќе податоци. Се спроведе анкета со ученици, наставници, родители и директорот. Добиените податоци беа обработени, анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека вооченитe слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува) според однапред определените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка – **<u>многу добар.</u>**

Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите четири подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите

Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето,која е добиена од сите четири подрачја,кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

***ПРЕДЛОГ МЕРКИ:***

-Во следниот период ќе се работи на планирање и реализирање на МИО активности;
-Реализација на отворени часови,организирани од наставниците,зամеѓусебна размена на искуства и вклучување на учениците во проекти активности;
-Учениците се активно вклучени во воннаставните активности,но при планирањето и подготовката на програмата да се земат во предвид и нивни идеи, размислувања, сугестии и сл.
-Организирање обука за членови на училишни одбори
-Воспоставување практика на кандидирање/поднесување кандидатура пред одржувањето на состаноците за избор на член на УО
-Запознавање на заинтересираните наставници, стручни соработници, родители/старатели со условите и начинот за кандидирање и постапката за именување член на УО,при што ќе им се даде можност да јапрезентираат својата кандидатура пред органот кој ги бира
-Конзистентно објавување на одлуките кои ги донесува УО,за кои е потребно да бидат информирани засегнатите страни
-Следење на буџетот на квартално ниво
-Воспоставување практика за оддавање признанија имотивација на кадарот и еднакви можностизатоа
-Воспоставување практика на редовно информирање за училишниот буџет и трошењето
-Подобрување на информирањето за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање

Претседател на УО – Василка Дрварова

___________________

Директор М-р Златко Јованов

_________________